REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Бр. / Nr. 03-1132/2
27-12-2024 20 год. / viti

Врз основа на член 17, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], претседателот на Инспекцискиот совет донесе

## РЕШЕНИЕ

### за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted]

## Образложение

На 10.12.2024 година, [redacted] до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-1132/1 од 10.12.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

Списи од предметот Ваш Арх. Број 03-696/49 од 25.11.2019 година:

- пополнет табеларен преглед од дописот на Општина Чаир нивен број 26-2401 од 20.11.2019 година;
- овластување за градежен инспектор со бр. 09-1491 од 18.07.2029 година за Џемил Идризи од дописот на Општина Чаир нивен број 26-2401 од 20.11.2019 година.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса (stojace@yahoo.com) и фотокопија по пошта. Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Пополнет табеларен преглед од дописот на Општина Чаир нивен број 26-2401 од 20.11.2019 година и
- Овластување за градежен инспектор со бр.09-1491 од 18.07.2029 година за Џемил Идризи од дописот на Општина Чаир нивен број 26-2401 од 20.11.2019 година

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје Shkup

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор